**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**3186.**

Врз основа на членот 30 став 3 од Законот за метро логијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), министерот за еко номија донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДО ПОЛНИТЕЛНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВЕРИФИКАЦИ ЈА НА ОДРЕДЕНИ ВИДОВИ НА МЕРИЛА, ПО СТАПКАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕТО НА ПРАВНО ТО ЛИЦЕ, ЗАДАЧИТЕ НА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВ НО ЛИЦЕ И ОЦЕНАТА НА ИСПОЛНЕТОСТА НА БАРАЊАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ**

**Член 1**

Во Правилникот за дополнителните услови за верификација на одредени видови на мерила, постапката за овластувањето на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/22), во членот 2 во ставот 1 алинејата 2 се менува и гласи:
„- има вработено најмалку две лица во редовен ра ботен однос со полно работно време, со високо образо вание од подрачјето за кое се бара овластувањето и тоа еден со најмалку пет години работно искуство во об ласта на метрологијата за која се бара овластување;“.

**Член 2**

Во членот 4 во ставот 1 бројот„90 се заменува со бројот „60“.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 25-4325/2
10 октомври 2022 год. Министер за економија
Скопје **Крешник Бектеши, с.р.**